МЗТ ПУМПИ АД, производство и монтажа на пумпи, турбини, хидромеханичка и еколошка опрема
Бр. 02-02/71
10.05 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 384, 385 и 388 од Законот за Трговските друштва и член 47 од Статутот на Акционерското друштво МЗТ ПУМПИ АД Скопје, Управниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје објавува:

# ПОВИК
## за свикување на Годишно Собрание на акционерите на Друштвото

Седницата на Собранието на акционери на МЗТ ПУМПИ АД Скопје ќе се одржи на ден 11.06.2018 година (понеделник) со почеток во 14,00 часот во просториите на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на ул. Перо Наков бр.126 Скопје.

За седницата се предлага следниот:

***Дневен ред***

**Процедурален дел:**

1. Утврдување на присутните и кворум за работа на Собранието;
2. Избор на претседавач, бројачи на гласови и заверувач на записникот;
3. Верификација на список на присутни акционери, односно на нивни полномошници.

**Работен дел:**

1. Донесување Одлука за одобрување на Годишната сметка за 2017 година, на финансиските извештаи и на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво во 2017 година;
2. Донесување Одлука за одобрување на извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи за деловната 2017 година;
3. Донесување Одлука за распределување на добивката од 2017 година;
4. Донесување Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје;
5. Донесување Одлука за избор на овластен ревизор за деловната 2018 година.

Своето присуство Акционерите можат да го најават лично или преку полномошник, согласно ЗТД.

Материјалите по точките од Дневниот ред се достапни во просториите на Друштвото, секој работен ден во периодот од 14,00 до 15,00 часот по објавувањето на огласот, како и на интернет страницата на друштвото www.pumpi.com.mk

**МЗТ ПУМПИ АД Скопје**
**Управен Одбор**

МЗТ ПУМПИ АД СКОПЈЕ

МЗТ Пумпи АД Скопје

Бр. 02-12/72

Скопје, 10.05.2018

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за Трговските друштва, Управниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на седницата одржана на 10.05.2018 година, донесе:

**П Р Е Д Л О Г**
**О Д Л У К А**
**За одобрување на Годишната сметка за периодот 01.01-31.12.2017 година,финасиските извештаи за период 01.01-31.12.2017 година, Годишен извештај за остварените резултати од работењето во 2017 година**

1. Се одобрува Годишната сметка на Друштвото МЗТ ПУМПИ АД Скопје, за периодот 01.01-31.12.2017 година, според следните биланси:

I. Биланс на состојба на ден 31.12.2017 година и
II. Биланс на успех на ден 31.12.2017 година.

I. Билансот на состојба се утврдува:
Актива-Пасива.........................................................448.884.437,00 денари;
II. Билансот на успех се утврдува:
Вкупен приход.......................................................... 176.766.856,00 денари;
Вкупен расход..... .............................................. 175.278.840,00 денари;
Добивка пред оданочување.......................................1.488.016,00 денари;
Данок на добивка.............................................. ... 614.642,00 денари;
Добивка по оданочувањето...... ........................ 873.374,00 денари;
Годишната сметка на Друштвото е составен дел на оваа Одлука.

2. Се одобруваат Финансиски извештаи на Друштвото, за 2017 година. Финансиски извештај на Друштвото се составен дел на оваа Одлука.

3. Се одобрува Годишниот извештај за остварените резултати од работењето на Друштвото во деловната 2017 година. Годишниот извештај на Друштвото е составен дел на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

Скопје, 10.05.2018 година

МЗТ ПУМПИ АД Скопје
Претседател на Собрание

МЗТ Пумпи АД Скопје

Бр. 02-02/73

Скопје, 10.05.2018

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за Трговските друштва, член 47 од Статутот, Собранието на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на седницата одржана на 10.05.2018 година, донесе:

**П Р Е Д Л О Г**
**О Д Л У К А**
**за одобрување на извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка и на финасиските извештаи за деловната 2017 година**

1. Се одобрува извештајот за извршената ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на друштвото за деловната 2016 година.

Ревизијата на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото ги изготви **Друштвото за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО Скопје,** ул. Даме Груев 5/1 Скопје.

Ревизијата на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото е составен дел на оваа Одлука.

2. Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

Скопје, 10.05.2018 година

МЗТ ПУМПИ АД Скопје
Претседател на Собрание

МЗТ Пумпи АД Скопје

Бр. 02-12/74

Скопје, 10.05.2018

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за Трговските друштва, Управниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на седницата одржана на 10.05.2018 година, донесе:

# О Д Л У К А
## За распеделување на добивката од 2017 година

1. Се врши распределба на добивката на друштвото остварена во деловната 2017 година, на следниот начин:
   - За општиот резервен фонд се издвојува законски пропишаниот процент од 15% од нето добивката, односно износ од 131.010,00 денари;
   - Останатиот дел по извршената распределба на добивката по горе наведените точки, останува нераспределена.

2. Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

Скопје, 10.05.2018 година

МЗТ ПУМПИ АД Скопје
Претседател на Собрание

МЗТ Пумпи АД Скопје

Бр. 02-02/75

Скопје, 10.05.2018

Врз основа на член 383 став 1 точка 4, член 384 став 2 точка 3 и став 6 од Законот за Трговските друштва, член 47 став 1 точка 4 од статутот на Друштвото, Собранието на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на седницата одржана на 10.05.2018 година, донесе:

**П Р Е Д Л О Г**

**О Д Л У К А**

**за одобрување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје за деловната 2017 година**

1. Се одобрува работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје за деловната 2017 година.

2. Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

Скопје, 10.05.2018 година

МЗТ ПУМПИ АД Скопје
Претседател на Собрание

МЗТ ПУМПИ АД СКОПЈЕ

МЗТ Пумпи АД Скопје

Бр. 02-02/76

Скопје, 10.05.2018

Врз основа на член 383 став 1 точка 8 од Законот за Трговските друштва, член 47 став 1 точка 8 од Статутот на Друштвото, Собранието на МЗТ ПУМПИ АД Скопје, на седницата одржана на 10.05.2018 година, донесе:

**П Р Е Д Л О Г**

**О Д Л У К А**

**за избор на овластен ревизор за деловната 2018 година**

1. Се назначува **Друштвото за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО Скопје,** ул. Даме Груев 5/1 Скопје, за овластен ревизор на МЗТ ПУМПИ АД Скопје за деловната 2017 година.

2. Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

Скопје, 10.05.2018 година

МЗТ ПУМПИ АД Скопје
Претседател на Собрание